Република Македонија
Министерство за економија

Министерство за економија

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**за полагање на стручен испит за добивање на Лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања**

Согласно Законот за минерални суровини, спроведување на стручниот испит за добивање на Лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања го врши Министерството за економија.

Полагањето на стручниот испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања се спроведува во две испитни сесии во текот на годината.

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
2010015130007З

Стручен испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања се полага заради проверка на потребното стручно знаење од соодветната област.

Стручен испит за добивање на лиценца може да полага лице кои ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е дипломиран инженер по геологија (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),
- со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната, и
- да има најмалку три години работно искуство во областа на изработка на геолошка документација.

Заинтересираните кандидати треба да поднесат барање за полагање на стручен испит за добивање на лиценца до Министерството за економија, на образец објавен на интернет страницата на Министерството за економија.
Во прилог на барањето кандидатот е потребно да ги достави следните доументи:

- Уверение за државјанство на Република Македонија (не постар од шест месеци, копија);
- Документ за лична идентификација (копија од лична карта или пасош);
- Потврда од Основен суд или Централен регистар на РМ дека на барателот со правосилна одлука не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постара од шест месеци, во оригинал или копија заверена на нотар);

- Диплома за завршено високо образование VII/1 или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) – (копија заверена на нотар);
- Релевантни докази за работно искуство и тоа:
  - Листа од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за доказ за работно искуство;
  - Референтна листа на реализирани проекти/активности;
  - Потврда од правен(-ни) субјект(-и) каде што е вработено и/или било вработено физичкото лице, со која (-и) ќе се докаже дека физичкото лице има најмалку три години работно искуство во областа на изработка на геолошка документација односно изработка на проекти, извештаи, елаборати, програми или други геолошки работи или работа на стручни или научни дејности од областа на геологијата.
- Уплатница за уплатен надоместок на сметка на Министерството за економија во износ од 5.000 денари.

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073

Барањата за полагање на испит се поднесуваат по пошта на адреса на Министерство за економија (ул. Јуриј Гагарин бр.15, 1000 Скопје) или во архивата на Министерството за економија, секој работен ден од 9:00 часот до 16:00 часот. Трошоците за полагање на испитот треба да бидат уплатени на сметка на Министерството за економија пред рокот одреден за полагање на испитот. Ако трошоците не се уплатени на сметката на Министерството за економија, на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.

Сите заинтересирани кандидати за полагање на стручен испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања може да извршат уплата на надоместок на следната жиро сметка на Министерството за економија и тоа:

- Трезорска сметка: 100000000063095
- Сметка на буџетски корисник: 100011554763128
- Приходна шифра и програма: 724172 20
- Депонент: Народна Банка на Република Македонија
- Износ: 5.000 денари

Електронската база на прашања за полагање на првиот (теоретскиот дел) од испитот се објавени на e-prasanja.mk.

Пријавените кандидати, на кои им е одобрено барањето да го полагаат испитот, дополнително ќе бидат известени за местото и терминот за полагање на испитот.

Вториот дел (практичниот пример) со кој се проверува практичната способност на кандидатите - се состои од изработка на стручен труд - геолошка документација (проект, елаборат) и се полага усно пред Комисијата за верификација на базите на прашања во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел (теоретски).

Потребната документација од законската регулатива (закони и подзаконски акти) кои се потребни за полагање на стручниот испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања може да ги најдете на веб страната на Министерството за економија во делот на Регулатива.

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073

Дополнителни информации може да се добијат на 02/3093 520 или на следните е-маил адреси: ljupce.efnusev@economy.gov.mk и kika.spritova@economy.gov.mk.